| **Делење на учебници** | да | Од1/9/2017 | На почетокот на школската година сите ученици добија бесплатни учебници. Бесплатните учебници постари од пет години беа заменети со нови. | |
| **Издавање на литература на наставници и ученици** | да | Од1/9/2017 | Во текот на целата година се вршеше издавање на литература како на ученици така и на наставници . | |
| **Советодавна функција на библиотеката** | да | Од1/9/2017 | Библиотеката вршеше советодавна функција за потребите на учениците при изработка на проекти и слични активности на учениците. | |
| **Соработка со институции,сродни библиотеки идр.** | да | Од1/9/2017 | Библиотеката активно соработува со сродни институции ,учества на презентации,промоции и др.<br>Во склоп на соработката беше и обуката за нарачка на учебници одржана во април 2018 од страна на МОН /педагошка служба.<br>Училиштето земаше активно учество во литературни конкурси во соработка со активот по Македонски јазик. | |
| **Електронско евидентирање на библиотечниот фонд** | да | Од1/09/2017 | Библиотеката има евидентирано 8500 наслови од библиотечниот фонд | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ажурирање Ебиблиотека** | да | Од1/09/2017 | Во склоп на активностите се формира и Е-библиотека каде се собираат Е-книги кои им се презентираат на учениците и наставниот кадар. | |
| **Ажурирање Е- база за податоци на проекти на наставниците** | да | Од 10/10/2017 | Ажурирана е базата на податоци каде наставниот кадар ќе може да споделува свои реализирани активности. | |
| **Обновување на оштетени книги** | да | Од1/09/2017 до крајот на учебната година | Согласно со задачите на библиотекарите постојасно се вршеше заштита и обновување на оштетени книги во која активноста најмногу учествуваше библиотекарската секција. | |
| **Одбележување на месецот на книгата** | да | Од15/10до15/11/2017 | Во училишниот хол беше итакнато пано по повод месецот на книгата со цел учениците поблиску да се запознаат со библиотечниот фонд на училиштето. | |
| **Активноти по повод патрониот празник** | да | 8/12/2017 | Библиотеката зеде активно учество по повод патрониот празник,како и активности поврзани со издавањето на весникот „Светлини” | |
| **Активности по повод Нова година** | да | Од 20/12/2017 | Библиотекарската секција исто така активно учествуваше и во украсувањето на училиштето за новогодишните празници.Во училишниот хол беше итакнато пано со пригодни содржни по повод Новата година. | |
| **Учества на натпревари** | да | 16/10/2017 | Библиотеката и оваа година испрати ученик за учество на Општинскиот натпревар „Млади библи-отекари“, во организација на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ од Битола. Оваа година на натпреварот учествуваше ученичката Теодора Јовчевска | |
| **Меѓународен ден на дарување на книга** | да | 14/03/2018 | Беше истакнато дека Националните установи од областа на културата, преку своите програми и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | проекти, треба поактивно да се вклучат во културното живеење и образование на учениците. Во таа насока, Библиотеката, освен во поддршка со фондовите на библиотечен материјал, има намера тесно да соработува со училиштата на различни полиња каде приоритетот е ставен на едукација на младите во областа на културата и културните дејности. | |
| **Саем на книгата** | да | 28/4/2018 | Заедно со активот по Македонски јазик беше посетен саемот на книгата во Скопје, на кој беше извршена и промоција на збирка поезија на Мирјана Стојановска. | |
| **Прибирање податоци за бесплатни учебници** | да | Од01/04/2018до 11/06/2018 | Се вршеше прибирање и средување на податоци за бесплатните учебници и се достави соодветен податок до Педагошката служба на Минстерството за образование на Р. Македонија, за бројката што ќе ни е потребна за наредната учебна 2017/2018 година. | |
| **Собирање и делење на бесплатни учебници за наредната 2018/19година** | да | Од 01.06.2018 г. До 09.06.2018 г. | Во предвидениот рок беше извршена размена на учебниците по одделенија и паралелки | |

**Библиотекар**

**Петровски Живко/**

## Тим за комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### *Тим за уредување на веб страната*

ЧЛЕНОВИ: Захариева Снежана, Кристина Лајмановска, Гордана Анастасова
КООРДИНАТОР: Атанас Пеев

| **Цели од годишната програма** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка зошто не е реализирано** |
|---|---|---|---|---|
| **1. Изработка на програма на тимот** | Наставници на тимот | Август 2017 | Адаптирање и усогласување на програмата на тимот со протребите на училиштето | / |
| **2. Избор на тим од ученици кои ќе учествуваат во уредувањето на веб страната** | Наставници на тимот | Септември 2017 | Вклучување на ученици од 7 одделение во уредувањето на веб страната, првично во средување на материјали кои ќе бидат поставени на страната | / |
| **3. Обука на тимот од ученици** | Наставници на тимот и ученици | Подготвување на учениците за пополнување на веб страната | Октомври  2017 | / |
| **4. Прибирање, уредување и поставување на нови содржини на веб страната** | Наставници на тимот, ученици | Тековно | Збогатување на веб страната со нови содржини  со цел промоција на училиштето | / |

*Тим за претприемништво*

| Планирани активности по месеци | Реализирани активности по месеци |
|---|---|
| **Изработка на план за активности за 2016/2017 година** | На почетокот на учебната 2016/2017 година тимот за претприемништво одржа состанок со цел донесување на програмата за работа и истата беше усогласена со наставните содржини кои ќе се реализираат преку повеќе планирани активности во текот на целата година. |
| **Новогодишен панаѓур** | Прва планирана активност на овој тим беше Новогодишниот панаѓур кој се одржа на 28.12.2016 година. На него учествуваа сите наставници и ученици од 1 до 9 одделение. Имено тие подготвија претежно храна, топли пијалоци и новогодишни украси во духот на новогодишните празници. Настанот се одржа во холот на училиштето, каде што имаше штандови посебно за секое одделение, како и бина на која се изведуваа скечови и музички точки од страна на учениците. Исто така се организираше и богата лотарија под покровителство на ДОО Цермат – Битола. Средствата од продажбата беа собрани од страна на родителите и прераспределени и тоа 20% во хуманитарни цели, 30% за учениците и 50% за потребите на училиштето во согласоност со советот на родители.<br>Во склоп на Новогодишниот панаѓур на 27.12.2016 година во училишната трпезарија учениците од II - 2 одделение се претставија со претставата "Новогодишна бајка", а на 29.12.2016 година во училишната трпезарија учениците од IV – 2 организираа новогодишна забава. |
| **Првоаприлски настан - Имам талент** | На состанок кој се одржа на 02.03.2018година Се одлучи:<br>- Настанот да биде на 29.03.2018(четврток)<br>- Од Совет на родители да се направат тимови кои ќе бидат целосно вклучени во организацијата<br>- Пријавувањето на точките да биде до 09.03.нахнадно пријавување да нема<br>- Прва проба и селекција на точките да биде на 19.03.2018<br>- Прво и второ одделение да се претстават само со маски ревијално<br>- Ќе биде креиран меил на кој ќе се врши пријавувањето<br>- Точките да не бидат подолги од три минути<br>- Еден ученик да учествува само во една точка<br>- Цената на влезниците ќе ја одреди Советот на родители<br>Бидејќи имаше голем број на пријавени точки се формира Комисија која ќе изврши селекција на точките.<br>-Александар Јаневски - Даниела Петковска<br>- Марија Крстевска - Сања Кузмановска |

| | |
|---|---|
| | - Игор Огненовски<br>По извршената селекција се одбраа 22 точки. Се одлучи настанот да биде на 29.03.2018 во 17:30часот.<br>Учениците се претставија со најразлични точки: скечови, пеење, танци, драматизација, маски и сл. Во стручното жири имаше познати глумци,пеачи и танчери  од нашиот град, со чија помош се изрбаа најдобрите точки кои што беа наградени. Беа поканети и родителите, со чија помош се собраа средствата од продадените билети за настанот. |

Координатор: Даниела Петровска

***Тим за публикации во училиштето***

Изработиле: координатори на тимот Жанета Лутовска и Љупка Петковска

*Тим за прослави и приредби*

| Цели од годишната програма на тимот 2017/2018 Планирано | Реализирано | Време на реализациј а | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **Приредба по повод - Прием на првачињата во Детската организација** | Реализирано | 09.10.2017 година | По повод приемот на првачината во Детската организација беше организирана мала свечена приредба од учениците од II до Vодделение, на која беа доделени и беџеви на првачината и беше прочитана заклетвата по истиот повод. | / |
| **Приредби по повод Денот на училиштето** | Реализирано | 07.12.2017 година | На ниво на стручен актив на ден 07.12.2017 год наставниците со своите избрани ученици учество зедоа со свои претходно избрани точки на приредбата што беше организирана по повод Денот на училиштето која што се одржа во Центарот за култура. | / |
| **Претприемнички настан – Новогодишен базар** | Реализирано | 27.12.2017 година | Стручните активи од I до IX одд. со најразлични изработени новогодишни украси,храна и пијалоци изложени на штандови, учествуваа во Новогодишниот базар на училиштетото. | / |
| **Приредба по повод одбележување на Денот на екологијата** | Реализирано | Март,2018 година | Литературно-ораторски конкурс„Чист воздух за сите".Содржина:Доделување награди за поетски творби и настап на оратори од основните училишта од градот.Ден на екологијата, одржано во НУУБ Битола.Организатор Соња Петровска и учениците од литературната секција од IX одд.,во соработка со НУУБ и факултетот за учители. | / |
| **Претприемнички настан по повод 1Април, Денот на шегата: *Избираме најдобри*** | Реализирано | 29.03.2018 | Првоаприлскиот настан „Имам талент"<br>Во организација на тимот за претприемаштво, советот на родители и наставниците беше реализиран во | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***во глума, танцување, смеа, забава, пантомима, битбокс, пеење, претприемништво*** | | | спортската сала на училиштето како претприемачки настан на кој ги избравме нашите таленти и најдобрите маски.<br>Тимот што го организира настанот, беа наставниците:Александар Јаневски, Марија Крстевска, Даниела Петковска, Игор Огненовски, Мирко Митревски | |
| **Претприемнички настан - Велигденски базар** | Нереализирано | | | Поради поклопувањето на датите со Претприемнички настан по повод 1Април |
| **Приредба по повод 24Мај, Денот на словенските просветители** | Реализирано | 28.05. 2018 годдина | Настанот се случи на 28.05. 2018 г. по повод доделувањето на наградите на најуспешните ученици за оваа учебна година, а беше посветен на Денот на сѐсловенските просветители Св. Кирил и Методиј – 24- ти Мај.<br>Учествуваа ученици од шесто одделение, членови на радиосекцијата и ученици од осмо одделение, членови на новинарската секција под раководство на наставничките Мирјана Стојановска и Оливера Илиевска. Учениците настапија во уметнчкиот дел со изведба на „Похвала на нашиот блажен отец и учител словенски Кирил Филозоф" која во чест на својот учител ја напишал Климент Охридски. Рециталот беше пратен со музичка интонација, подготвена од наставникот Мирко Митревски. | / |

**Изработил:**
Претседател на тимот за просави и приредби
**Марија Крстевска**

*Тим за соработка со локалната заедница*

| Цели од годишната програма на тимот 2017/2018 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1 . Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето со цел пренесување на порака дека сите деца се подеднакви и дека не треба да се дискриминираат.** | Да | 04.07.2016 | Едно големо браво за креативноста и иновативноста на нашите колеги Александар Јаневски и Весна Аврамовска Димитровска кои учествуваа со свои видеа на меѓународниот филмски фестивал КРЕФ 2017 и веќе се финалисти во својата категорија Мајнкрафт филм. Честитки за колегите и учениците посакуваме успеси на големото финале во Лесковец! | / |
| **2.Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да | 25.08 2017 | Потпишан меморандум за соработка со Семпер- Битола за идни активности за превенција од трговија со луѓе, семејно насилство и меѓуврсничко насилство. Идните активности се предвидени во вид на работилници, презентации, конкурси и слично. | / |
| **3.Соработка со Општина, установи и претпријатија**<br>**<u>Цели-</u> Подобрени услови во училиштето**<br>**Хуманитаерна активност во соработка со локалната зедница и родителите** | Да | 09.10 2017 | Прием на првачињата во детската организација со мала свечена приредба во сораборка со Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух "Кочо Рацин"- Битола. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции** **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да | 05.10 2017 | Erasmus+ соработка преку меѓународен проект со Литванија, Романија, Турција и Бугарија | / |
| **5 . Соработка со Општина, установи и претпријатија** **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето, стекнување на учениците со нови знаења.** | Да | 10.10 2017 | На 07.10 2017 учениците ја посетија Едукативната изложба "Германија земја на пронајдоци " организирана од Goethe Institut во Скопје .На изложбата присуствуваа 150 ученици од 6-9 одд. | / |
| **6 . Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции** **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да | 10.10 2017 | "Вашата апликација е избрана од Белгиската национална агенција за европски програми и мобилност во програмата Еразмус + КА201 заедно со училишта од Белгија, Бугарија, Италија и Турција, односно размена на искуства и мобилност на наставници, ученици и родители во 2017-2019. Нашата одлука е донесена брз база на истражувањата направени за вашето училиште со потврден квалитет и успешност." Чест е да слушнеш пофалби за квалитетот во работата, посветеноста и професионалноста, кажани од искусни луѓе надвор од Македонија. Со овој проект отвараме нови хоризонти за нашите ученици, наставници и родители. | / |
| **7. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции** | Да | 03.11 201 | Инклузија во основното образование“- обука во организација на Марко Поло Експлорер, Центарот за АСН (аутистичен спектар на нарушување) и Алијансата за аутизам-Скопје со предавачи стручни лица АБА | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето со цел пренесување на порака дека сите деца се подеднакви и дека не треба да се дискриминираат.**<br><br>**Година на хумани дела во ОУ „Климент Охридски“ – Битола** | | | тренери за работа со деца со одредена попреченост. На обуката присуствуваа образовните асистенти, родители и наставници од нашето училиште. | |
| **8. .Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето,** | Да | 10.11 2017 | Второ зелено знамево нашето училиште | / |
| **10 . Учество во акции од јавен интерес организирани во училиштето (еколошки, работни, хуманитарни)**<br>**<u>Цели-</u> Развиена еколошка свест, работни навики, чувство на солидарност и соработка** | Да | 14.11 2017 | На повикот од страна на Ротари Клуб- Битола, за опремување на кошаркарски игралишта со апликација учествуваа голем број на општински училишта од Битола. . Со замената и поставување на нови табли и кошеви и означувањето на игралиштето, Климентовци добија подобри услови за реализација на часовите по физичко образование како и на воннаставните спортски активности. | / |
| **11 Учество во акции од јавен интерес организирани од Општината (еколошки, работни, хуманитарни)** | Да | 17.11 2017 | Презентација на учениците од IX одделение од предметот географија кои се дел и од географската секција за аерозагадувањето на тема: Штетното влијание на ПМ10 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели- Развивање на свеста кај учениците** | | | честичките врз човековото здравје, како дел од проектот СЛИКАЈ, ПОСТИРАЈ, АЛАРМИРАЈ на географското друштво ГЕОСФЕРА- Битола. | |
| **12. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции**<br>**Цели- Подобрени услови во училиштето** | Да | 23.12 2017 | По апликацијата испратена од Оу "Св Климент Охридски Битола" во Ноември, на конкурсот за програмата " Училишта на 21 век" , денес British Council Mk ми соопштува дека сме примени во програмата за обуки на наставници. Истовремено сме добитници на 30 Micro-bit уреди како дел од програмата за програмирање. | / |
| **13. Учество на прослави на празници, јубилеи со академии и манифестации од јавен интерес**<br>**Цели- Подигнато културно - образовното ниво и развиени патриотски чувства кај учениците, вработените и локалното население** | да | 30.04 2018 | Првоаприлски настан во соработка со Танцов клуб Ehpose, Цермат и Пелистерка од Битола | / |
| **14. . Соработка со Општина, установи и претпријатиј**<br>**Цели- стекнување на нови знаења кај учениците** | Да | 14.04 2018 | Проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ во рамки на Компонентата „Вклучување на семејството и заедницата“, која има за цел да го подигне интересот кон читањето и математиката кај најмладите ученици и да ја вклучи целата заедница во овие активности со децата, го посети нашето училиште.<br>„Библиотеката на тркала“ претставува специјално пренаменето возило, опремено | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | со книги и дидактички материјали за читање и математика. | |
| **15. Соработка со другите основни училишта и со други воспитно - образовни установи и институции** **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето** | Да | 22.04. 2018 | Соработка со локалната заедница- Посета на Општина Битола на учениците од трето одделение за реализација на целите по предметот општество | / |
| **16 .Соработка со Општина, установи и претпријатија** **<u>Цели</u>- Подобрени услови во училиштето и грижа за учениците.** | Да | 10.05 2018 | Во соработка со Домот за Народно здравје извршено е мерење на учениците од второ одделение (висина и тежина). | / |
| **17. Соработка со Општина, установи и претпријатија** **<u>Цели</u>- стекнување на нови знаења кај учениците** | Да | 18.05 2018 | Соработка со локалната заедница- Посета на Пожарната и Полициската станица со ученици од второ одделение | / |
| **18. . Соработка со Општина, установи и претпријатиј** **<u>Цели</u>- стекнување на нови знаења кај учениците** | Да | 20.05 2018 | Презентација од Скопска пивара за учениците од IVодделение(здравје и безбедност) | / |
| **20. . Соработка со Општина, установи и претпријатиј** **<u>Цели</u>- стекнување на нови знаења кај учениците** | Да | 21.05 2018 | Одржан форум театар во соработка со организацијата" Отворена порта" и ученици од осмо и деветто одделение. | / |

Подготвил:
Координатор на проектот: Елена Угарчева

## *Тим за соработка со НВО*

ЦЕЛИ: Вклучување на учениците во различни активности кои се поврзани со наставата и надвор од неа, социјализација, мотив за поголема работа и презентација на истата. Потенцирање на инклузивното образование со вклучување на децата со посебни образовани потреби

| **Цели од годишната програма на тимот 2017/2018** | **Реализирано** | **Време на реализациј а** | **Опис на активностите** | **Забелешка зошто не е реализирано** |
|---|---|---|---|---|
| **Работилница против трговијата со луѓе** | Да/учениците од VIII одд. И Здружение за еднакви можности СЕМПЕР Битола | 18.10.2017 | Едукативна работилница/ Поголема информираност на учениците за проблемот на трговија со луѓе и одбележувањето на Европскиот ден против трговијата со луѓе | |
| **Одбележување на светскиот ден за заштита на детето од злоупотреба** | да | 19.11.2017 | Учество на приредбата по повод одбележувањето на светскиот ден за заштита на детето од злоупотреба | |
| **Лајонс клуб Кабадаја-“Обои ме во пријател“ – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби** | да | 03.12.2017. | Целта која беше поставена:Од најмладите да создадеме луѓе кои се свесни за различните од нас и да умеат да подадат рака за да им променат барем еден ден во животот се постигна преку традиционалниот Марш на Широк Сокак каде учество зедоа ученици од нашето училиште/ | |
| **Работилница за превенција од семејно насилство** | Да/ учениците од VIII одд. И Здружение за еднакви можности СЕМПЕР Битола | 05.12.2017 | Едукативна работилница/ Поголема информираност на учениците за проблемот на семејното насилство | |
| **Форум театар„Трговија со луѓе“** | Ученици од VIII одд. и здружение Форум 16 | Мај 2018 | Поголема информираност на учениците за проблемот на трговија со луѓе преку активно вклучување на учениците во разрешување на проблемот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка со волонтери од Шпанија со рециклиран материјал,изработка на висечка градина** | Реализирано | Октомври Ноември | Изработка на висечка градина од рециклиран материјал со учениците од петто одделение, при што материјалот и растенијата еа набавени од волонтерите од Шпанија | |
| **Соработка со волонтери од Романија со рециклиран материјал, изработка на Камин,новогодишна елка и украси** | реализирано | Декември Јануари | Изработка на камин, новогодишна елка и украси со рециклиран материјал-картон, набавен од волонтерите од Романија | |
| **Соработка со волонтери од Украина со рециклиран материјал и изработка на корпички за креди, јажиња за скокање, корпа за отпадоци** | реализирано | Февруари Март | Изработка на корпички за креди, јажиња за скокање, корпа за одпадоци со материјал(пластични шишиња, најлони и влошки за јајца) набавен од волонтерите | |
| **Соработка со Волонтери од Турција со рециклиран материјал и изработка на ограда за градината Климентина, садење на градината со зачински билки и цвеќиња** | реализирано | Април Мај | изработка на ограда за градината Климентина, садење на градината со зачински билки и цвеќиња.Зачинските билки се набавени од нашето училиште, додека семињата за цвеќиња се од волонтерите од Сфера | |

Напомена:На почетокот на учебната година се склучени Меморандуми за соработка на училиштето со следните Здруженија на граѓани и Невладини организации и тоа:

- Здружение за еднакви можности СЕМПЕР Битола
- Здружение на граѓани„Сфера“-Битола

Потписниците на овие Меморандуми по потреба ќе се состануваат за прашања поврзани со остварување на целите на соработката и тоа:споделување искуства,работилници,обуки со учениците и наставниците,спроведување на заеднички активности како и заедничко аплицирање на домашни и меѓународни проекти.

**Изготвил**
**Снежана Стојанова**

*Полугодишен извештај за соработка со Невладината оранизација Сфера*

| **Цели од годишната програма на тимот** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка зошто не е реализирано** |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка со волонтери од Шпанија со рециклиран материјал,изработка на висечка градина** | Реализирано | Октомври Ноември | Изработка на висечка градина од рециклиран материјал со учениците од петто одделение, при што материјалот и растенијата беа набавени од волонтерите од Шпанија | |
| **Соработка со волонтери од Романија со рециклиран материјал, изработка на Камин,новогодишна елка и украси** | реализирано | Декември Јануари | Изработка на камин, новогодишна елка и украси со рециклиран материјал-картон, набавен од волонтерите од Романија | |
| **Соработка со волонтери од Украина со рециклиран материјал и изработка на корпички за креди, јажиња за скокање, корпа за отпадоци** | реализирано | Февруари Март | Изработка на корпички за креди, јажиња за скокање, корпа за одпадоци со материјал(пластични шишиња, најлони и влошки за јајца) набавен од волонтерите | |
| **Соработка со Волонтери од Турција со рециклиран материјал и изработка на ограда за градината Климентина, садење на градината со зачински билки и цвеќиња** | реализирано | Април Мај | изработка на ограда за градината Климентина, садење на градината со зачински билки и цвеќиња.Зачинските билки се набавени од нашето училиште, додека семињата за цвеќиња се од волонтерите од Сфера | |

**Изработил: Снежана Стојанова**

*Тим за училиште на 21.век*

| Цели од годишната програма на тимот 2016/2017 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1. Запознавање на наставниот кадар со Проектот: Училиште на 21 век** | да | 18.01 2018 г. | На 18.01.2018 се одржа Наставнички совет со наставниот кадар во училиштето. Во рамките на одржаниот состанок наставниот кадар на училиштето беше информиран за Проектот на Британскиот совет: Училиште на 21 век | |
| **2. Организирање на работни состаноци на ниво на Активи** | да | Крајот на јануари 2018 г. | Кон крајот на јануари беа организирани работни состаноци со сите членови на ниво на Активи .На овие состаноци беше утврдено нивото на: дигитална писменост на наставниот кадар,КРРП | |
| **3. Организирање на работни состаноци со членовите на Тимот** | да | Континуирано во текот на второто полугодие | На 02.02.2018 г. се одржа работен состанок со сите членови на Тимот.На овој состанок повторно беше разгледана Програмата за работа на Тимот со цел договарање на идните активности. Членовите на Тимот се договорија и за термините на одржување на дисеминација во училиштето. | |
| **4. Дисеминација на наставниот кадар** | да | 08.02.2018 г. | На ден 08.02.2018 г се одржа дисеминација на наставниот кадар на ниво на училиштето. На дисеминација учество зедоа 21 наставник.<br>Целата на обуката беше споделување на знаењата и зголемување на интересот на наставниците за овој Проект.<br>Наставниците беа оспособени за практична примена на стекнатото познавање за работа со микро битовите. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.Дисеминација на ученици** | да | 14.02.2018 г. | На ден 14.02.2018 г се одржа дисеминација на учениците со цел формирање на Клуб за програмирање. На дисеминација учество зедоа 25 ученици.<br>Целата на обуката беше споделување на знаењата и зголемување на интересот на учениците за овој Проект.<br>Учениците беа оспособени за работа со уредите. | |
| **6.Учество на членовите на Клубот за програмирање на настанот Bitola Mini Maker Faire** | да | 11.05.2018 г | Учениците заедно со своите ментори на овој настан имаа можност да им го претстават на посетителите уредот микро:бит | |

Координатор на Тимот:
Соња Кузманова

## *Извештај за работата на дневниот престој*

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДНЕВНИОТ ПРЕСТОЈ 2017/2018

Во дневниот престој се опфатени сите ученици кои имаат потреба од истиот, од прво до петто одд. На почетокот на оваа учебна година во дневниот престој се запишаа околу 84 ученици, а наредните месеци нивниот број вариарше и до крајот на учебната година достигна до 139.

Воспитно-образовната работа ја изведуваа 4 одделенски наставници одговорни за дневниот престој, со работно време од 7 до 17 часот.

| **Цели од годишната програма на тимот 2017/2018 Планирано** | **Реализирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка зошто не е реализирано** |
|---|---|---|---|---|
| **-Развивање на интересите за увојување и проширување на знаењата**<br>**- Развој на целокупната личност на ученикот, нејзините индивидуални и единствени потенцијали**<br>**-Подготовка на учениците за понатамошно образование и перманентно учење** | Задолжителни активности | Септември-јуни | - Изработка на домашна работа;<br>- Повторување на материјалот;<br>- Подготовка за писмени работи;<br>Работа со компјутери.<br>Задолжителните активности се реализираат со цел за развивање на интересите за усвојување и проширување на знаењата. | Задожителната активност работа со компјутери не се реализира во целост поради недостаток на интернет во текот на учебната година. |
| **-Воспитание на учениците според универзалните морални начела**<br>**-Социјализација –Да развива способност за** | Слободни ученички активности | Септември-јуни | Слободни активности реализирани во просториите на дневниот престој, во малата сала и училишниот двор.<br><br>- *Мало училиште за големи нешта*<br>- *Моливот пишува со срцето* | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **организација на времето (корелација меѓу учењето и слободното време)**<br>**-Да развива навики за дружељубивост и соработка** | | | - *Шарам-создавам*<br>-*Пееме,танцуваме,глумиме*<br>- *Игри без граници*<br>- *Активности по избор на учениците.* | |
| **-Еколошка едукација во воспитно-образовниот процес** | ЕКО активности – Заштеда на енергија | 29.09.2017г. | Со цел развивање на еколошката свест кај учениците за заштеда на ел. енергија во просториите на дневниот престој се одржа активност – изработка на упатства за заштеда на електрична енергија. Учениците доаѓаа до различни сознанија за ел. Енергија од различни извори за учење. Се дискутираше околу потребата за тоа каде и колку се троши електричната енергија, се бараше начин за разумно користење на истата.Потоа изработуваја упатства за заштеда на ел енерги, кои ги залепија на хамери. Следно следеше презентација. | |
| **-Еколошка едукација во воспитно-образовниот процес**<br>**-Учениците да се стекнат со навики за рационално користење на водата** | ЕКО активности-заштеда на вода | 27.10.2017 | Со цел развивање на еколошката свест кај учениците за рационално користење на водата во просториите на дневниот престој се реализира активност за изработка на плакат( пароли) за заштеда на водата. Се започна со дискусија и размислување околу тоа за кои активности во текот на денот ни е потребна вода. Следуваше анкета по учениците за начинот за користење на водата. По обработените податоци се осмислија и се запишаја еколошки пораки за заштеда на водата на хамер кој се постави во уцилницата на дневниот престој. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **-Запознавање со верските објекти од двете етницки заедници, воочување на разликите и сличностите на истите** | МИО активности-Верски објекти, симболи, обележја и други карактеристики | 16.11.2017 - 20.11.2017 г. | Со цел запознавање на сличностите и разликите меѓу различните верски заедници во дневниот престој се реализираше активност во која учениците беа поделени во две групи. Едната група истражуваше за македонските, а другата група за албанските верски објекти, симболи , обележја... На крајот собраниот материјал (слки, пишани податоци), беше ставен на хамер и се презентираше. Активностите траеја три дена. | |
| **-Одбележување и празнување на Денот на училиштето** | Активности по повод Денот на училиштето | 05.12.2017г. | По повод Денот на училиштето во просториите на Дневниот престој се реализираше ликовна и литературна работилница. Учениците работеа во две групи. Едната група изработуваше честитки, цртежи и украси со ликот на Климент Охридски, а другата група пишуваше песни и текстови за неговото дело. | |
| **-Прославување и запознавање со Новогодишните празници**<br><br>**-Развивање на креативни и творечки вештини**<br>**-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став кон работата**<br><br>**-Развиваење на навики за дружељубивост и** | Активности по повод Новогодишните празници | 18.12.2017-22.12.2017 год. | Во Дневниот престој се одржа креативна работилница за украсување на вратите и просториите. Активностите на оваа работилница беа доста интересни,креативни,забавни и се одвиваа во пријатна предновогодишна атмосфера исполнета со многу игра,смеа и музика. Прозорците се обложија со најлонска фолија,се нацрта зимски, новогодишен пејсаж, се боеше со темперни и тонери во различни бои, па се украсуваа со памук,светки.Вратите се обложија со хамери во различни бои од кои се | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **соработка** | | | изработија фигури со новогодишни и зимски мотиви. | |
| **-Развивање на креативни и творечки вештини<br>-Поттикнување и развивање и формирање на позитивен став кон работата** | Активности за украсување на просториите од Дневниот престој | 29.01-30.01.2018 | Во просториите на Дневниот престој во делот за слободни активности се реализираше креативна работилница за изработка на зоолошка градина.<br>Активностите на оваа работилница се реализираа во два дена дена. Учениците заедно со наставниците ја изработуваа самата зоолошка градина (кафезите за животните и дворот наоколу) употребувајќи разни картони, украсна хартија,самолеплива хартија, фолија, грав, ориз, стапчиња....<br>Потоа по добиени слики изработуваа животни од пластелин. Учениците работеа сложно, трудејќи се да ја оформат фигурата(животното) што подобро, за да може истата да се препознае кое животно е. | |
| **-Одбележување на Денот на мајката<br>-развива љубов кон неа** | Активности по повод Денот на мајката | 07.03.2018г. | По повод Денот на жената во просториите на Дневниот престој се реализираше активност со која се изработуваа украсни честитки за своите најмили. Учениците со помош на наставниците изработуваа честитки за својата мајка при што несебично ја изразуваа својата љубов со зборови, во истите.<br>Активностите на оваа работилница беа доста интересни, креативни, забавни и се одвиваа во пријатна атмосфера. | |
| **-Развивање на креативни и творечки вештини<br>-Поттикнување и** | Активности по повод Велигденските | 05.04.2018 г. | По повод велигденските празници во просториите на Дневниот престој се реализираа активности за изработка на | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **развивање и формирање на позитивен став кон работата** | празници | | велигденски украси. Учениците со помош на наставниците од Дневниот престој изработуваа пиленца од хартија во боја. Секој ученик работеше самостојно и добиваше помош од наставник доколку тоа му беше потребно. На крајот со гласање беа избрани најубавите пиленца и беа поставени во престојот како украси. | |

| ПОЗИТИВНИ СТРАНИ | НЕГАТИВНИ СТРАНИ |
|---|---|
| 1. Реновирање на просториите во Дневниот престој<br>-нови компјутери<br>-изработка на сталажа за училишните чанти<br>2. Соработка со родителите,со наставниците,со ППС и Директорот на училиштето.<br>3. Организирана работа по групи.<br>4. Развивање интереси за усвојување и проширување на знаењата.<br>5. Дружење меѓу двете смени(развивање на другарски односи,помош и соработка). | 1.Во извештајот од претходната учебна година побаравме нови компјутери кои навистина ни беа обезбедени,но сепак интернетот е многуслаб,речиси и воопшто го немаме.<br>2.Исто така побаравме и душеци,но наместо нив добивме гарнитура за седење,а сепак имаме потреба од душеци.<br>3. Имаме голема потреба и од телевизор. |

ПРЕПОРАКА: Оваа учебна година имавме голема соработка со Директорот и Советот на родители за подобрување на условите за работа во Дневниот престој. Се надеваме дека и оваа учебна година соработка ќе продолжи и ќе се надминат горенаведените негативни страни.

Одделенски наставници: Кети Јосифовска
Ана Здравкова
Владо Василевски
Вера Стевановска

*Комисијата за оценување литературни творби*

| Цели од Годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **Планирано, ефикасно, организирано, координирано и транспарентно работење на Комисијата.** | 1. Избор на членови и координатор на Комисијата<br>2. Разгледување и усвојување на Годишната програма на Комисијата<br>3. Договор за учество на тековни училишни, општински, републички и меѓународни натпревари<br>4. Договор за критериумите за оценување<br>5. Договор за распределба на активностите меѓу членовите за учество во работата на Комисијата | **Август-2017** | 1./2. **Комисија за оценување литературни творби** ќе ја сочинуваат**:** наставниците по македонски јазик (Стручен актив за македонски јазик), наставничката Весна Димитровска одделенска настава, Координатор на Комисијата, Соња Петровска.<br>3. Комисијата ќе учествува со избрани творби на тековни литературни конкурси од различен ранг.<br>4. Ќе се вреднуваат и избираат лични поетски творби на учениците.<br>5. Комисијата тековно ќе се договара околу распределбата на активностите. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Размена на ставови, мислења, искуства, поттикнување на творечката активност, меѓусебно дружење.** | 1. Учество на литературен конкурс во организација на Меморијалниот центар-**Фондација„Никола Кљусев**“-Скопје, на тема **„Домот во срцето мое“.** Избор на најуспешни творби на ниво на училиште (според правилата за учество, дефинирани од организаторот)<br>2. Посета на Педагошкиот факултет Битола-избор на творби за учество на литературниот конкурс„**Учителот**“,по повод Светскиот ден на учителот | **Септември-2017** | 1.Учество на литературниот конкурс обезбедија три најуспешни творби избрани од Комисијата: **Јана Белевска** и **Наталија Ѓорѓиевска** од IX-5 одд. (ментор, Соња Петровска) и **Лела Стојановска**, V-3 одд., (ментор, Јасна Јанева-Гулевски). | 2. До училиштето, не пристигна покана за учество. |
| **Поттикнување на творечката активност, љубов и интерес за пишаниот збор.** | 1. Разгледување на пристигнатите творби и **избор** на **наградени** и **пофалени** ученици од одделенска и од предметна настава од учеството на училишниот литературен конкурс **„Радоста-трепет во детските срца“**по повод **Денот на училиштето** | **Октомври-2017** | **Наградени ученици:**<br><u>Одделенска</u> <u>настава</u>:<br>1. награда- **Благоја Трајчески,** V-4<br>2. награда- **Давид Колтовски,** III-2<br>3. награда- **Викторија Петковска,** II-5<br>Пофалена: **Лела Стојановска,**V-3 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ---------------------------<br>2. Литературен конкурс по повод патрониот празник на ОУ„Стив Наумов“ со мото:„ **Детското срце-цел свет да го собере “**. | | Предметна настава:<br>1. награда- **Мартина Костовски,**VIII-4<br>1. награда- **Даријана Цилевска,**VII-5<br>2. награда- **Ѓорѓи Гајтановски,**VI-1<br>2. награда-**Теодора Јовчевска,**VII-2<br>3. награда-**Ангела Дуковска**, IX-3<br>Пофалени: **Јана Белевска,**XI-3<br>**Томе Јолевски,**VIII-3<br>**Марко Димовски,** VI-5.<br>-------------------------<br>2. Учество: учениците од предметна настава (VI-IX одд.) и од одделенска настава:<br>**Михаил Атанасовски** од V-4 одд..ментор -Сузана Дишковска | |
| **1. Учество на тековни литературни конкурси** | | **Ноември-2017** | -/- | 1. Немаше известувања а литературни конкурси во овој месец. |
| **Поттикнување на** | 1. Учество на | **Декември-2017** | | 1. До училиштето, не |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **творечката активност; развивање свест за потребата од борба против современата чума на денешницата-Сидата.** | традиционалниот литературно-ликовен конкурс од **Светскиот ден за борба против сидата**<br>---------------------------<br>2. Учество на тековни литературни конкурси-Ораторско матине и литературен конкурс за најубава лична поетска творба на слободна тема, по повод патронатот на ОУ„Даме Груев“од Битола, во организација на НУУБ „Св. Климент Охридски-Битола. | | -------------------------<br>2. Избрани творби за учество од Комисијата: од **Елена Коџасинска**-за ораторство, VIII одд.-ментор, Мир-јана Стојановска), ментор, на **Ана Дамчевска**, VI-одд.-ораторство и песна)-ментор, Оливера Илиевска; заедничка личната поетска творба „Љубовта во мене“ на учениците **Андреа Трајчевска, Стефан Петровски** и **Симон Михајловски** од IX-1 (ментор,Соња Петровска); „Радост“ на **Теодора Јовчевска,** VII-2 (ментор, Маргарита Поповска) и „Што е љубов“на **Емануела Крстеска** од IX-5 одд. (добитничка на **втората награда** од организаторот на | пристигна покана за учество. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | литературниот конкурс за најубава лична поетска творба). | |
| **Планирано, ефи-касно, организи-рано, координи-рано и транспа-рентно работење на Комисијата.** | 1. Поднесување полугодишен из-вештај за рабо-тата на Комисијата за преглед на лите-ратурни творби-анализа на реали-зираните и нереа-лизираните ак-тивности. | **Јануари-2018 год.** | 1.Активностите се детално опишани во полугодишниот из-вештај. | Дадени се и об-разложенија за нереализираните активности. |
| **Размена на ставо-ви, мислења, ис-куства, поттикну-вање на твореч-ката активност, меѓусебно дру-жење.** | 1. Избор на твор-би за учество на литературниот конкурс на тема **„Чист воздух за сите“**. | **Февруари-2018 год.** | 1. Избрани се три најуспешни поетски творби (две од одде-ленска настава, од IV и V одд. (ментори-Јасна Јанева-Гулев-ски и Љубица Шира-новиќ) и една од предметна настава (IX одд.- **Викторија Јончевска**, ментор-Соња Петровска). Избран ораторски текст (VII-одд., ора-тор-**Теодора Јовчев-ска**, ментор-Марга-рита Поповска).<br><br>---------------------------<br><br>2. Комисијата ја при-фати поканата за учество. Во предвид-ениот рок, ќе избере пет најуспешни по-етски творби и ќе ги прати | ---------------------- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ----------------------<br><br>2. Разгледување на поканата за учество на 38. фестивал **„Дет-ски лирски тре-перења 2018“** во Охрид.<br><br>---------------------- 3. Тековни прашања. | | до организа-торот.<br><br>---------------------------<br><br>2. Тековни прашања немаше. | ---------------------- |
| **Подобра ефикас-ност, транспарен-тност, поттикну-вање на твореч-ката активност, развивање на еколошката свест, доследно претставување на училиштето.** | 1. Споделување подетални ин-формации за ли-тературно-ора-торскта средба-учеството на тра-диционалниот училиштен лите-ратурен конкурс по повод Денот на екологијата (во организација на Еко-тимот од нашето училиш-те), на тема **„Чист воздух за сите“**.<br><br>----------------------2. Учество на традиционалниот литературен конкурс **„Детски лирски треперења 2018“**. | **Март/2018 год.** | 1.Беше потврден из-борот на творбите (поетски и оратор-ски), соопштен де-нот на одржување, местото (НУУБ-Би-тола), предвидените дипломи, пофалници и благодарници.<br><br>--------------------------- 2. Беа избрани шест творби и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ---------------------- | | испратени од официјалниот мејл на училиштето:<br>**1.** Емануела Крстеска, IX-5 одд./лична творба**„Што е љубов“**-ментор**,** Соња Петровска.<br><br>**2.** Ана Дамчевска VI-2 одд./лична творба **„За тебе нај-добра другарке“-**<br><br>ментор**,** Оливера Илиевска.<br><br>**3.** Благоја Трајчески-Баже V-4 одд./лична творба„**Радоста-трепет во детските срца“-** ментор**,**Суза-на Дишковска.<br><br>**4.** Искра Нечаковска V-3 одд./лична творба **„Пролет“-**ментор, Јасна Јанева-Гулевски.<br><br>**5.** Давор Петковски-IV-5 одд./лична творба **„Ајде да патуваме, да не загадуваме“**<br><br>**Ментор**: Венета Јоновска.<br><br>**6.** Елена Коцасинска VIII-2 одд./.лична творба **„Боите** | ---------------------- |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -------------------<br><br>3. Тековни прашања. | | **на животот“**<br><br>**Ментор**: Мирјана Стојановска.<br>-----------------------------<br>3. Тековни прашања немаше. | --------------------- |
| Размена на ставо-ви, мислења, стекнување ис-куства, поттикну-вање на твореч-ката активност, меѓусебно дру-жење. | 1. Извештај за резултатите од учеството на ли-тературно-ора-торскиот конкурс од месец март:**„Чист воздух за сите“**. | **Април/2018 год.** | 1. Во категоријата ученици од IV и V одд. **пофалени е** Лела Стојановска од V одд. од ОУ„Св.<br><br>Климент Охридски“-Битола, ментор- Јас-на Јанева-Гулевски.<br><br>**Наградена учenич-ка со втора награ-да**-Сандра Белевска, IV одд (ОУ„Св.Кли-<br><br>мент Охридски“-Би-тола), ментор- Љуби-ца Ширановиќ.<br><br>**Благодарница** за учество на Виктори-ја Јончевска од IX-1 одд. од ОУ„Св.Кли-мент Охридски“-Би-тола), ментор-Соња Петровска.<br><br>**Настап на оратори:**<br><br>**Прва награда** за **Теодора** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ----------------------<br>2.Тековни прашања. | | **Јовчевска**, VII одд.,ОУ„Св.Кли-<br>мент Охридски“-Би-тола, ментор-Марга-рита Поповска.<br>---------------------------<br>2. Тековни прашања немаше. | ---------------------- |
| Размена на ставо-ви, мислења, ис-куства, поттикну-вање на твореч-ката активност, меѓусебно дру-жење. | 1. Резултати од **„Детски лирски треперења“**-Ох-рид.<br>2. Тековни прашања | **Мај/2018 год.** | 1. Благоја Трајчески од V-4 одд.доби **дип-лома** за најдобра песна на фестивалот за личната творба„ **„Радоста-трепет во детските срца“**-мен-тор**,** Сузана Дишков-ска.<br>---------------------------2. Тековни прашања немаше. | |
| Ефикасност, кри-тичност, само-критичниост, анализа, синтеза. | 1. Согледување на работата на Комисијата на крајот на учебна-та година.<br>----------------------<br>2. Предлози за работата на Ко-мисијата во след-ната учебна годи-на.<br>----------------------<br>3. Избор на Коор-динатор на Коми-сијата за следна-та | **Јуни/2018 год.** | 1. Комисијата е задо-волна од реализаци-јата на предвидените и тековните актив-ности.<br>---------------------------<br>2. За предлозите ќе се размисли и ќе би-дат дел од програма-та за работа на Ко-мисијата за следната учебна година.<br>--------------------------- | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | учебна година. | | 2. Координаторот на Комисијата за след-ната учебна година ќе биде предложен и избран во месец ав-густ. | |

**Забелешка:** Комисијата избираше творби за литературните конкурси за кои се бараше избор на творби на ниво на училиште.

**Подготви: Соња Петровска**-Координатор на Комисијата за оценување литературни творби

## ИЗВЕШТАИ ОД СТРУЧНИ АКТИВИ ЗА УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА

### Стручен актив на прво одделение

| **Цели од годишната програма на тимот 2017/2018 Планирано** | **Време на реализација** | **Опис на активностите** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| **Избор на претседател на стручен актив на петто одделение** | август | Пред почеток на учебната година наставниците од прво одделение едногласно избраа претседател на стручен актив – Гордана Анастасова. | / |
| **Изработка на програма за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година;** | август | Програмата ја изработи претседателот на стручниот актив, во соработка со наставниците од прво одделение, истата се разгледа и конечно се донесе и достави. Беа изготвени иструменти и потребни матријали за тековната работа. | / |
| **Вметнување на избрани точки на акција од програмите за: „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“** | август | Се издвоија еко содржини за стручниот актив по стандарди. | / |
| **Посета на Саемот на книгата.** | Развивање љубов кон пишаниот збор;<br>Истакнување на потребата од читање за развој на човековата личност.<br>(да) | мај, 2018 | Наставничките Оливера Илиевска, Мирјана Стојановска и Маргарита Поповска со ученици од шесто, седмо, осмо и деветто одд. го посетија Саемот на книгата во Скопје на кој имаа можност да се запознаат со новите изданија од домашната и странската литература. На саемот учениците имаа и можност да бидат дел од промоцијата на книгата „Судбината на буквите" од Мирјана Стојановска. | |
| **Учество во манифестацијата за** | Наградување и пофалување на | 28.05.2018г. | Учениците од радиосекцијата беа дел од активноста, задолжени за уметничкиот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **доделување награди на успешните ученици.** | успешните ученици, прогласување на првенци на генерацијата, спртисти на годината; Вреднување на квалитетот и поттинување на натпреварувачкиот дух кај учениците. (да) | | дел. Настапија со изведба на „Пофалата на нашиот блажен отец и учител словенски Кирил Филозоф" напишана од Климент Охридски. Изведбата беше пратена со музичка интонација , одбрана од наставникот Мирко Митревски, а во улога на водители беа учениците од осмо одд. Ева Јошевска и Елена Коџасинска. Одговорен наставник Оливера Илиевска. | |

**Забелешка:** Не се реализираа предвидените посети: Куќата на Прличев во Охрид и куќата Конески во Небрегово, поради несовпаѓање со планот и програмата на екскурзиите за оваа година, а за одвоена посета, пречка беа финансиските средства Во однос на останатите активности, членовите на Активот задоволни се од квалитетот и квантитетот на истите.

**14. 6. 2018.г.** **Подготви:**

**Оливера Илиевска-претседател**

**на Активот по македонски јазик**

## Стручен актив за странски јазици
**(англиски јазик, германски јазик, француски јазик)**

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на успехот и поведението на учениците<br>Анализа на работата на слободните активности, додатна и дополнителна настава<br>Извештај за следени обуки<br><br>Активности по повод 8миМарт ( уредување на катчето и пишување на творби и есеи за поводот)<br>Активности по повод празникот Св. Валентин<br>Примена на стекнатите знаења и евалвација на истите<br>Соработка на наставниците по англиски, германски и француски јазик и размена на искуства и идеи, интегрирање на ЕКО- стандардите во наставата по англиски јазик<br>Договор за посета на саемот на | Да | 13.02.2018<br><br>19.03.2018<br>10.02.2018<br><br>24.03.2018 | Натпревари по англиски јазик помеѓу одделенијата за да се направи селекција за општинскиот натпревар.<br>Драмската секција на покана на „Бабец театар“ гледаше театарска прастава.<br>Членови од англиската секција беа на „Саемот на книгата“.<br>Наставничката Поповска Виолета организира **општински Spelling Bee** натпревари по англиски јазик за ученици од VI и VIII одд за избор на ученици за учество на **регионален Spelling Bee натпревар** кој се одржаа во Американското катче.На натпреварот учествуваа три ученици од VIII и 12 ученици од VI одд.<br>На 24.03.2018 година се одржа општински натпревар по англиски јазик организиран од страна на ELTAM во нашето училиште.<br>Ученикот Томе Јолевски од VIII одделение освои трето место, ментор Снежана Ѓеоргиевска.<br>Ученичката Деа Кадри освои трето место, ментор Јулија Ивановска.<br>Општински напревар по англиски јазик на 24.03.2018 година. Освоено прво место | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| книгата во Скопје<br>Подготовка за натпревари по англиски јазик,германски и француски јазик<br>Анализа на работата на активот (предлози, мислења и сугестии)<br>Анализа на успехот на учениците<br>Анализа на резултати од одржани натпревари<br>Планирање на часови за наредната учебна година<br>Избор на учебници за наредната учебна година | | 05.05.2018<br>28.03.2018<br>05.04.2018<br>20.04.2018<br>21.04.2018<br>09.05.2018<br>12.05.2018<br>28.05.2018 | ученичката Искра Нечаковска од V-3, ментор Љупка Петкова.<br>**Државен Spelling Bee натпревар** воСкопје.На натпреварот учествуваа два ученици од VIII и 4 ученици од VI одд.<br>На 28.03.2018 беше направена едукативна екскурзија организирана од Гете Институт во Скопје каде беше гледан филм во Кинотека на Македонија, беше музеј и зоолошката градина. Беа присутни 55 ученици од VI и VII одделение со наставниците Никола Аврамовски и Јулија Ивановска.<br>Во почетокот на месец април членовите на англиската секција од шесто и осмо одделение и наставничката Виолета Поповска работеа на проектна активност **Easter Celebration.**Најпрво учениците истражуваа и се запознаа со празнувањето на Велигден кај нас и во другите земји и направија споредба. Потоа на часот по англиски јазик учениците од шесто одделение декорираа јајца, кои потоа беа искористени за **Egg hunt**(тие јајца учениците од осмо одд ги сокрија во дворот за да можат учениците од шесто одд да ги пронајдат во грмушките)Преку оваа проектна активност учениците имаа можност добро да се забавуваат и да научат многу нови работи околу традицијата и начинот на прославување на овој празник.<br>Семинар за основните училишта во Скопје на 20.04.2018 организиран од Oxford University | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Press – презентација на нов учебник, учествуваше Љупка Петкова.<br>Регионален напревар по англиски јазик на 21.04.2018 година. Освоено прво место ученичката Искра Нечаковска од V-3, ментор Љупка Петкова.Ученикот Томе Јолевски од VIII одделение освои прво место, ментор Снежана Ѓеоргиевска. Ученичката Деа Кадри освои трето место, ментор Јулија Ивановска.<br>Училиштето на плоштад Македонија на 9 Мај на Ден на Европа ја претставуваше Латвија. Наставник Љупка Петкова со учениците.<br>На 12.05.2018 се одржа државен натпревар по англиски јазик во Скопје.Ученикот Томе Јолевски од VIII одделение освои второ место, ментор Снежана Ѓеоргиевска.<br>Отворен час – Евдокија Галовска и Љупка Петкова (Ден на Европа – Латвија) 28.05.2018 со VIII-3 одделение<br><br>Наставниците по англиски јазик учествуваа на Работилница за основни вештини: Дигитални вештини,критичко размислување и изнаоѓање решенија на проблеми,МИКРО БИТ обука | |

## Стручен актив по математика

## ЗАКОН ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
### Член 144

1. *Стручниот актив е стручен орган во училиштето, а го сочинуваат наставниците од ист предмет или сродна група на предмети.*
   *Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, одлучуваат за употреба на учебниците во основното училиште, расправаат за забелешки од родителите, учениците и вршат други стручни работи предвидени со годишната програма за работа на училиштето*

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **АВГУСТ** | | | | |
| **1. Избор на претседател на Активот по математика**<br>**2. Изработка на програми за работа на стручниот актив, инструменти, потребни материјали за тековната година**<br>**3. Донесување и усвојување на програмата за работа во учебната 2017/2018 година**<br>**4. Разгледување на предлог Годишната програма за работа** | По изборот на претседател - Сања Кузмановска, беше предложена Програма за работа на стручниот актив.<br>Беше разгледана Годишната програма за работата на училиштето и Развојниот план.<br>Во однос на учебници и дополнителна литература, договорено беше да се користат учебници обезбедени во согласност со новата наставна програма во соработка со *Cambridge International Examinations.*<br><br>Посетена обука реализирана од Тимот за оценување | 18.08.2017 г.<br><br>31.08.2017 г.<br> | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот<br><br>Посета на обука | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **на училиштето и Развојниот план на училиштето**<br>**5. Евидентирање на постоечките наставни средства, помагала и литература и евентуална набавка на нови (инструменти за оценување и дополнителна литература)**<br>**Договор за користење на учебници и дополнителна литература за учебната 2017/2018 година, одобрени од МОН**<br>**Примената на Блумовата таксономија во предметот математика.** | |  | | |
| **СЕПТЕМВРИ** | | | | |
| **1. Разговор околку подготовките на годишните, тематските и дневните распределенија (редовна настава,** | Се разгледаа и разменија изработените наставни планови и програми, се разменија мислења, се споделија новите искуства, се усогласија критериумите на оценување.<br>Според препораката од МОН програмата на Стручниот актив по математика утврдена во | 06.09.2017 г. | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **како и додатна и дополнителна настава)**<br>**2. Договор за тестови и писмени работи**<br>**3. Усогласување на индивидуалните критериуми за оценување кои што ги користат настаниците за оценување на учениците**<br>**4. Математичка секција-критериуми за избор (консултација и одобрување од родители)на членови, програма и предложени денови за реализација**<br>**5. Информација за работа на Математичката школа при Здружение на математичари-Битола**<br>**6. Вметнување избрани точки на акција од програмите за**<br>• **“Интеграција на** | Годишната програма на училиштето продолжи со ажурирање на група на социјалната мрежа Фејсбук, како основа за комуникација помеѓу членовите од Активот и Директорот на училиштето. https://www.facebook.com/groups/1568063380168792/<br>Се користат линкови од кои се поставуваат и користат електронски содржини кои се користат во наставата.<br>Во програмата на наставниците беа вметнати МИО и ЕКО часови<br>(отворени часови ќе се реализираат во второ полугодие).<br>Секој наставник изврши организирање и планирање на дополнителната и додатната настава и избра членови на математичката секција.<br>Изработени беа планови за работа за талентирани ученици како и за ученици со ПОП-примена на Асистивната технологија | 29.09.2017 г. | активот | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **екολошката едукација во македонскиот образовен систем”**<br>• **“ Меѓуетничка интеграција “**<br>**7. Примена на Асистивна технологија во наставата за деца со посебни потреби**<br>**8. Изработка на инструменти за евидентирање на индивидуални средби со родители** | | | | |
| **ОКТОМВРИ** | | | | |
| **1. Договор за соработка со математичкото списание НУМЕРУС**<br>**2. Размена на искуства и мислења при реализација на наставните содржини-форми, методи, техники, примена на ИКТ и оценување**<br>**3. Изработка на план за посета на отворени часови со примена на** | Како и секоја година повторно беше прифатена соработката со математичкото списание Нумерус (за надарени и талентирани ученици)<br>Дополнителна литература (збирка и работни листови) ќе се користат по слободен избор на ученикот и родителите, тоа беше договор на наставниците.<br>Договорено беше интерна посета на часови со цел успешна реализација на програмата, усогласување на наставните содржини, насловите, како и висината на понуденмите знаења по одделенија.<br>Разменати искуства за изработка на евидентните листови и усогласување на истите | 04.10.2017 г. | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **современи форми на работа**<br>**4. Изработка и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување** | | | | |
| **НОЕМВРИ** | | | | |
| **1. Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие**<br>**2.Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА**<br>**3. Посета на обуки и работилници**<br>**4. Учество на интернационалниот натпревар**  **ДАБАР 17.11.2017 г.** | Дискусија околу успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие.<br>Секој наставник приложи извештај за реализирана ДД,ДП и СУА<br>Одржана обука „**ПЕДАГОШКИ ПРИОДИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОДАТНАТА НАСТАВА ПО МАТЕМАТИКА“** реализирана на Педагошки факултет-Битола<br>Реализација на интернационалниот натпревар **ДАБАР** | 20.11.2017 год<br>11.11.2017 г.<br>17.11.2017 г.<br> | Реализирани состаноци,<br>Посета на обука<br><br>Учество на интернационалниот натпревар **ДАБАР** | Нема забелешки |
| **ДЕКЕМВРИ** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1. Активности за Новогодишниот базар**<br>**2. Анализа за реализацијата на додатна и дополнителна настава**<br>**3. Анализа на успехот и поведението на крај на првото полугодие**<br>**Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите за оценување** | Секој одд.наставник како и сите наставници од од Активот по математика со свои ученици и изработки на домашни колачиња, украси, вафли итн. со помош на наставниците и родителите зеде учество на **Новогодишниот Базар**. Дел од собраните средства беа вратени на учениците со цел поттикнување на претприемничкиот дух кај нив преку развивање на идеи за вложување на паричните средства во некоја одржлива цел.<br>Во целост реализирана ДД, ДП и СУА<br>На крај од првото полугодие направена е анализа за успехот на учениците по одделенија | 27.12.2017 г.<br><br> | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот | Нема забелешки |
| **ЈАНУАРИ** | | | | |
| **1. Проверка на професионалното и педагошкото досие на наставниците од Стручниот актив**<br>**2. Изработка на извештаи за ДД,ДП и СУА**<br>**3. Изработување на полугодишен извештај за работа на стручниот актив** | Наставниците извршија проверка на своите педагошки и професионални досиеја врз основа на Упатството за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците во основното образование како и индикаторите за проверка на квалитетот на наставата. Се увиде дека ги имаат исполнето своите работни должности и се подготвени за претстојната Државна просветна инспекција која ќе следи на 29, 30 и 31 јануари 2018. Се разговараше и за натпреварите по математика. Договорено беше со наставниците на четврто и петто одд. за екипата која ќе го |  | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот и со оние наставници кои предаваат во четврто и петто одделение | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. Тековни прашања**<br>**5. Договор за одржување училишен натпревар на учениците од IV до IX одделение** | претставува училиштето на Општинскиот натпревар да биде избрана како и секоја година-преку училишен натпревар по математика, кој наставниците од стручниот актив по математика го организираа на почеток на месец февруари за **учениците од 4 до 9** одд. | | | |
| **ФЕВРУАРИ** | | | | |
| **1. Организација на претстојните училишни натпревари**<br>**2. Анализа на резултатите од одржаните училишни натпревари**<br>**- формирање екипа за Општински натпревар по математика**<br>**- избор на водич на групата**<br>**- предлог подготвителни задачи**<br>**3. Договор за одржување на меѓународниот математички натпревар КЕНГУР**<br>**4. Правилник за реализирање Општински натпревар по** | По одржаниот училиштен натпревар за учениците од 4 до 9 одделение, формирана е екипата која го претстави училиштето на петтиот општински натпревар по математика, одржан на 24.02.2018 година во ОУ„ Елпида Караманди" Битола на кој се освоени 7 Први места, 8 Втори места, 14 Трети места и 4 Пофалници. Сите ученици се наградени и сме општински прваци. БРАВО!!! | <br> | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **математика** | | | | |
| **МАРТ** | | | | |
| **1. Анализа на постигнатите резултати од Регионалниот натпревар по математика**<br>**2. Анализа на постигнатите резултати од Олимпијадата на млади техничари и природници - Народна техника**<br>**3. Учество на меѓународниот натпревар Кенгур**<br>**4. Подготвители активности за Републичкиот натпревар и Математичката олимпијада за ученици од основните училишта** | На Регионалниот натпревар по математика за ученици од основно образование кој се одржа на 31. март 2018 во ОУ "Елпида Караманди" – Битола, од нашето училиште учествуваа ученици од IV до IX одделение и ги постигнаа следните резултати: 7 први места, 7 втори места, 11 трети места и 4 пофалници. Нашето училиште го освои првото екипно место на натпреварот. Олимпијадата на млади техничари и природници - Народна техника се одржа на 31.03.2018 година во ОУ "Стив Наумов". Ученикот Кирил Стефановски од IX-1 одделение учествуваше со темата "Елиптична маса за билијард", освои прва награда и се пласира за учество на Државниот натпревар за Народна техника во Велес. На меѓународниот натпревар Кенгур кој се одржа на 15.03.2018 од нашето училиште учествуваа 203 ученици од прво до деветто одделение. Секој наставник од стручниот актив напорно работеше на подготовка на учениците за натпреварите. | <br> | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот | Нема забелешки |
| **АПРИЛ** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. **Учество на Државниот натпревар на младите техничари и природници од Република Македонија**<br>2. **Учество на Математичката олимпијада за ученици од основните училишта** | На 55от Државен натпревар на младите техничари и природници од Република Македонија во областа Применета Математика зеде учество ученикот Кирил Стефановски од IX-1 со темата “Елиптична маса за билијард”. Натпреварот се одржа на 15.04.2018 во Велес. Секој од наставниците од стручниот актив, во текот на сите месеци напорно работеше на подготовка на учениците за натпреварите, а за Републичкиот натпревар и за Јуниорската Македонска Математичка Олимпијада. |   | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот | Нема забелешки |
| **МАЈ** | | | | |
| 1. **Анализа на резултатите за Републичкиот натпревар по математика**<br>2. **Договор за врачување на дипломи и признанија на учениците** | На XLIII Републички натпревар по математика за ученици од основно образование кој се одржа на 05. мај 2018 на Машинскиот факултет/ Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопј, од нашето училиште учествуваа 6 ученици од VI до IX одделение и ги постигнаа следните резултати: три трети награди и една пофалница. На учениците до крајот на учебната година ќе им бидат доделени дипломи за постигнатите резултати на сите натпревари по математика од страна на Здружението на математичари на Битола, како и од Сојузот на математичари на Македонија |   | Реализирани состаноци, консултативни состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот | Нема забелешки |
| **ЈУНИ** | | | | |
| 1. **Анализа на резултатите за Јуниорската** | На 02.06.2018 се одржа XXII Јуниорска Македонска Математичка Олимпијада за ученици до 15,5 години на Машинскиот факултет во Скопје. Од | | Реализирани состаноци, консултативни | Нема забелешки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Македонска Математичка Олимпијада**<br>**2. Анализа на резултатите од Финалниот круг на меѓународниот натпревар Кенгур 2018** | нашето училиште учествуваа 3 ученици од VII до IX одделение и ги постигнаа следните резултати: две пофалници и едно учество. На 09.06.2018 година се одржа овогодишниот најпрестижен куп од ЛОГИЧКИ КАРАКТЕР во просториите на Факултетот ФОН, ФИНАЛНИОТ КРУГ НА КЕНГУР 2018 година. Од нашето училиште учествуваа 18 ученици од V до IX одделение и ги постигнаа следните резултати: 1 златен медал, 3 сребрени, 6 бронзени медали и 8 пофалници. | | состаноци и размена на сугестии помеѓу наставниците од активот | |

Претседател на Актив по математика

Сања Кузмановска

## Стручен актив по биологија, физика и хемија

| Цели од годишната програма на тимот 2016/2017 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1. Избор на претседател на стручен актив** | Реализирано | Август 2017 | Наставниците членови на стручниот актив дискутираа за редоследот на претседатели од стручниот актив, при што дојдоа до заклучок дека учебната 2016/2017 година претседател на стручниот актив ќе биде Марија Гилевска. | / |
| **2. Донесување на годишна програма за работа на активот** | Реализирано | 31.08.2017 | Наставниците членови на стручниот актив ја разгледаа предлог програмата на претседателот на стручниот актив Бојана Д. Гоновска и извршија измени и дополнувања на истата со цел нејзино усовршување. Исто така, беа разгледани годишната програма и развојниот план на училиштето при што беше заклучено дека програмата на стручниот актив е усогласена со програмата на училиштето. | / |
| **3. Систем за информирање на родителите и учениците (изработка на програмата со која ќе се подобри и унапреди комуникацијата)** | Реализирано | Септември 2017 | Наставниците членови на стручниот актив изработија заедничка покана за индивидуална средба со родители. Исто така, беа изработени и листи за посетни денови на ниво на стручен актив како би се овозможила поголема информираност на родителите за успехот на нивните деца во текот на учебната година. | / |
| **4. Изработка на распоред за додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности** | Реализирано | Септември 2017 | Наставниците членови на стручниот актив дадоа краток преглед на нивната програма за дополнителна и додатна настава при што договорија термини за одржување на дополнителна и додатна настава, како и слободни | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ученички активности како не би настанало поклопување во термините. На крај беше заклучено дека распоредот и програмата за додатна и дополнителна настава се во согласност со годишната програма на училиштето. | |
| **5. Месечни состаноци за дискусија и споделување на мислењата и искуствата на наставниците на активот во текот на работата** | Реализирано | Септември – јуни – состаноци кои беа неформални со размена на искуства во врска со наставата по „Кембрич“ | Наставниците членови на стручниот актив еднаш во месецот во периодот од септември до јуни се состануваа и дискутираа за осовременување и зголемување на успешноста на наставниот процес преку размена на искуства по однос на успешните наставни техники, методи и апликации кои ги користат во наставата. | / |
| **6. Посета на семинари, конференции и обуки и размена на искуства од истите** | Реализирано | Март 2018 | Наставниците од овој актив беа на стручна конференција за природни науки и математика направена за кариерено усовршување на наставниците од целото училиште. | / |
| **7. Анализа на успехот на учениците на крајот од првото полугодие / учебна година** | Реализирано | Јануари 2018 | Наставниците членови на стручниот актив дискутираа за учениците кај кои има напредок или пад во совладувањето на наставната програма и како би се обезбедиле услови за подобрување на успехот на учениците по предметите од активот, при што беше заклучено на дополнителна настава да присуствуваат ученици кај кои има пад во совладувањето на наставната програма. | / |
| **8. Дискусија за одржаните нагледни часови по предметите: Биологија, Хемија, Физика и Природни науки** | Реализирано | Мај 2018 | Наставниците членови на стручниот актив дискутираа за унапредување на воспитно-образовниот процес преку користење на нови методи, техники, алатки за работа и разменија искуства за истите. | / |
| **9. Избор на ученици и** | Реализирано | Декември 2017 | Наставниците членови на стручниот актив | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **нивна подготовка за општински и регионални натпревари** | | | меѓусебно се договорија во изборот на ученици што ќе учествуваат на општински и регионални натпревари, за да не дојде до тоа ист ученик да биде ангажиран на два натпревари. | |
| **10. Посета на хемиски лаборатории во болница или фабрика<br>Посета на природно-научен музеј** | | Април 2018 | Наставниците по природни науки беа во посета на микробиолошка лабораторија во болницата за да видат како се испитува чистотата на водата за пиење, и во Мегасолар во с.Гермијан каде видоа обновливи извори на енергија.<br>Наставниците по билогија,Физика и Хемија ги носеа учениците на еднодневна екскурзија и посета на природно-научниот музеј,зоолошката градина . | |
| | | | | |
| **12. Избор на учебници за соодветните предмети** | Реализирано | Јуни 2018 | Наставниците немаат посебен избор за учебници, бидејќи се приморани да работат само со кембриџ, иако има укажување дека учебниците се со многу грешки, несоодветни и други недостатоци | / |
| **13. Предлог пре-распределба на часови за учебната 2018/2019 година,** | Реализирано | Јуни 2018 | Наставниците членови на стручниот актив разговараа со цел да се изврши договор за прераспределба на часови за учебна 2018/2019 година. На состанокот беше заклучено дека наставниците имаат вкупно 20 часа неделно, односно 21 часа. | / |

Изработил:

Марија Гилевска

## Стручен актив по географија и историја, граѓанско образование и етика

**НАСТАВНИЦИ ВО СТРУЧНИОТ АКТИВ: Љупчо Стојановски, Александар Јаневски, Бранко Стојановски, Марина Трајчевска, Цвета Крстевска ,Билјана Цветковска и Златко Крстевски, Стефанија Трајковска.**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ: Александар Јаневски**

| Цели на годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активности | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1. Избор на претседател на стручен актив<br>2. Донесување на програма за стручен актив<br>3. Разгледување на Годишната програма на училиштето и Развојниот план<br>4. Предлог теми за еколошки содржини** | Да | Август 2017 | Изработка на стратегија за поефикасно функционирање на стручниот актив, како и реализација на целите на активот, во исто време и засилување на соработката со родителите и нивнотото навремено информирање за планираните активности од страна на стручниот актив | / |
| **5. Предлог на теми за обуки до Тимот за професионален развој.<br>Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите** | Да | Септември 2017 | Предлог теми за професионално усовршување на членовите од стручниот актив | / |
| **6. Посета на НУ Завод и музеј-Битола** | Да | 13 и 18 октомври 2017 | Согласно годишното планирање за наставниот предмет Нашата татковина, а во корелација со планираните активности на ниво на стручен актив, е реализирана посета на НУ Завод и музеј-Битола со учениците кои го слушаат изборниот предмет Нашата татковина. Посетата е | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | искористена и за продлабочување на соработката со локалните институции од насшиот град | |
| **7. Реализација на отворен час по наставниот предмет географија на тема: ПМ честички во воздухот континуиран убиец на сите нас** | Да | 15 ноември 2017 | Презентација за последиците од загадениот воздух, како и презентација на истражувањето кое е направено врз основ на мерните станици во градот Битола. Активноста е во соработка со географското здружение ГЕОСФЕРА-Битола и е дел од проектот сликај, постирај, алармирај. | / |
| **8.Разгледување на успехот и поведението на учениците на полугодие/ крај на година**<br>**9.Дискусија во врска со оценувањето и инструментите за оценување на крајот од првото полугодие**<br>**10.Предлог програма за одржување на отворени часови во второто полугодие како и информирање на стручната служба и останатите колеги за нивната реализација** | Да | 23 јануари 2018 | Анализа на постигнатите резултати на полугодието, дискусија за инструментите за оценување, како и изработка на наставни ливчиња и тестови по предметите, направена е програма за реализација на отворени часови по наставни предмети за второто полугодие | |
| **11.Подготвување на учениците за претстојни натпревари**<br>**12.Дискусија за резултатите** | Да | 15 мај 2018 | Поднесен извештај за текот на подготовките на учениците за натпреварите како и постигнатите резултати на истите | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **од натпреварите** | | | | |
| | | | | |

Претседател на стручен актив
Александар Јаневски

Директор
Гордана Анастасова

## Стручен актив по физичко и здравствено образование

| Цели од годишната програма на тимот 2017/2018 Планирано | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1. Избор на претседател на стручен актив**<br><br>**2.Донесување на програма за работа на стручен актив.**<br>**3.Разгледување на годишната програма за работа на училиштето Св. Климент Охридски – Битола, во учебната 2017/2018 година.** | Реализирано | 26.08.2017 | 1.За претседател на стручниот актив по физичко и здравствено образование е избран Предраг Созовски.<br>2.Доставени се содржини кои се составен дел на програмата за стручниот актив за учебната 2017/2018 година.<br>3.Исто така стручниот актив ја разгледа годишната програма,ја усогласи својата програма со неа, додека за целите заклучивме дека ги применуваме и во целост ги прифаќаме. | / |
| **4. Усогласување на програмите за работа на наставниот предмет во стручниот актив** | Реализирано | 21.09.2017 | -На одржаниот состанок е донесен предлог при составувањето на годишната програма и понатаму наставниците кои предаваат во истата година (одделенија) да ги приближат или усогласат програмите за таа учебна година колку е можно повеќе.Во досегашните програми разликата во часовите не е голема (5-7 часа). | / |
| **5. Подготвување на учениците за претстојни натпревари** | Реализирано | 21.09.2017 | -На одржаниот состанок е разгледан распоредот на одржување на училишните натпревари на општинско регионално и државно ниво.<br>-Донесен е договор за учество на учениците на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | натпреварите и направена е распределба на менторствата по екипи. | |
| **6. Разгледување на успехот и поведението на учениците на полугодие**<br>**7. Учество на патрониот празник.** | Реализирано | 21.12.2017 | По првата точка беше дискутиран успехот на учениците по физичко и здравствено образование. Наставниците заклучија дека нема некои поголеми промени во успехот во споредба со претходната година,дека поголемиот број ученици постигнаа добар успех и се договорија мерки и активности за неговото подобрување.<br><br>- При дискусијата за прославата на патрониот празник се заклучи дека реализацијата на регионалниот турнир во одбојка беше успешно реализиран при што побуди голем интерес кај учениците, кои во голем број беа присутни,учествуваа и го следеа самиот настан | / |
| **8. Одржување на отворени часови од темите од Физичкото образование:**<br>**- Организација и реализација на еден меѓуучилишен натпревар во одбојка.**<br>**-Отворени дискусии за реализација на целта.** | Реализирано | Месец Февруари 2018 | -Одржан е отворен час (натпревар) од наставникот Горан Димовски согласно наставната програма како и програмата за општинските училишни натпревари.<br>-Во организацијата учествуваа ученици, наставници како и официјални лица (судии) со чија помош беше реализирано финалето во општинското првенство во одбојка во машка конкуренција.<br>-На овие натпревари пред многубројна публика третото место го освоија учениците на ОУ Св.Климент Охридски менторирани од наставникот Горан Димовски. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9. Одржување на отворени часови од темите од Физичкото образование:**<br>**- Организација и реализација на еден меѓуучилишен натпревар во кошарка.**<br>**-Отворени дискусии за реализација на целта.** | Реализирано | Месец Март 2018 | -Одржан е отворен час (натпревар) од наставниците  Златко Трајчевски и Предраг Созовски согласно наставната програма како и програмата за општинските училишни натпревари.<br>-Во организацијата учествуваа ученици, наставници како и официјални лица (судии) со чија помош беше реализирано финалето во општинското првенство во кошарка во машка конкуренција.<br>-На овие натпревари пред многубројна публика првото место го освоија учениците на ОУ Св.Климент Охридски менторирани од наставниците Златко Трајчевски и Предраг Созовски | / |
| **10. Дискусија за постигнатите резултати од натпреварите** | Реализирано | 27.05.2018 | -На овој состанок е резимирано постигнувањето на учениците преку целата година во сите спортови на училишните првенства кои се одржаа во тековната учебна година.Се заклучи дека зад нас е една мошне успешна година,со учество на голем број на учениции и голем број на индивидуални и екипни награди(детален извештај е доставен до ППС)<br><br>-На одржаната манифестација за доделување на општинските награди ОУ Св Климент Охридски е прогласено за најуспешно спортско училиште во општината за изминатава година, а за најуспешен наставник наставникот Предраг Созовски. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11. Предлог распределба на часови** | Реализирано | 11.06.2018 | <u>Златко Трајчевски:</u><br>VI– 1,2,3,4 и 5 = 15 часа<br>VIII – 1 и 2 = 6 часа<br>Одделенски раководител на VI = 1час<br><br><u>Предраг Созовски:</u><br>IX-1,2,3,4 и 5 = 15 часа<br>VI -2 и 3 = 6 часа<br>Одделенски раководител на IX – 2 = 1час<br><br><u>Горан Димовски:</u><br>VII – 1,,4 и 5 = 9 часа<br>VIII – 3,4 и 5 = 9 часа<br>Одделенски раководител на VII=1час | / |

Изработил: Предраг Созовски

## Стручен актив по ликовно и музичко образование

Годишната програма на Стручниот актив по Музичко и Ликовно е усогласена со наставните содржини кои ќе се реализираат преку отворени часови. Наставниците од активот кои не ги одржаа часовите во првото полугодие поради премногу обврски ќе ги одржат во текот на второто полугодие. Кај останатите планирани отворени часови за во второто полугодие има промена во месеците на одржување.

| Реден бр. | Цели на годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **1.Избор на нов претседател на стручниот актив** | 15.08.2017 година | 15.08.2017 година | Стручниот актив на овој состанок на почетокот на оваа учебна година за нов претседател го избраа наставникот по музичко образование Николче Зацески а кон крајот на годината птреседателството го превзеде наставникот по музичко Игор Огненовски. |
| **2.** | **-Донесување на програмата за работа на стручниот актив – музичко, ликовно и физичко и здравствено образование.<br>-Разгледување на годишната програма за работа на училиптето Св. Климент Охридски – Битола, во учебната 2017/2018 година.** | 02.09.2017 година | 02.09.2017 година | - Во врска со првата точка, од страна на наставниците – членови на стручниот актив,  доставени се сорджини кои се составен дел на програмата за стручниот актив за учебната 2017/2018 година. Исто така стручниот актив цо полн состав ја разгледа годишната програма за работа на потсетување на што да се обрне внимание понатаму, а додека за целите заклучивме дека ги применуваме и понатаму и во целост ги прифаќаме. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | **1.Договор за активностите по повод денот на училиштето** | 21.10.2017 година | 21.10.2017 година | - По првата точка се разговараше за активностите што ќе треба да се превземат по повод патрониот празник (натрпревари и конкурси). По изборот на овогодишниот слоган “Радост” секој член од стручниот актив си одреди со која точка ќе настапува. |
| **4.** | **1.Разгледување на активностите по предмети во стручниот актив по повод патронскиот празник “Св. Климент Охридски” – Битола.**<br>**2.Тековни прашања.** | 27.11.2017 година | 27.11.2017 година | - Активностите по музичко образование беа најавени и одредени со датум и успешно изведени во предавањето на академик, одбележување за јубилеј на училиштето.<br>- Во сите овие активности целите беа успешно реализирани:Дружење на меѓуетничка основа,такмичарски карактер и сплотеност меѓу генерациите.<br>- По втората точка се сублимираа резултатите и активностите кои е се оценија со високи коментари. |
| **5.** | **1. Годишна и тематска програма за предметот ХОР и ОРКЕСТАР** | 15.12.2017година | 15.12.2017година | -На одржаниот состанок е донесен предлог при составувањето на годишната програма наставниците кои предаваат во истата година (одделенија) да ги приближат или усогласат програмите за таа учебна година колку е можно повеќе. |
| **6.** | **1.Разгледување на успехот на учениците при крајот на првото полугодие по наставни предмети.**<br>**2.Учество на патронот празник.**<br>**3.Тековни прашања.** | 23.12.2017 година | 23.12.2017 година | - По првата точка беше дискутиран успехот на учениците по ликовно, музичко образование. Наставниците заклучија дека нема некои поголеми промени во успехот во споредба со претходната година, со некои исклучоци, на пример во **IX** одд., каде успехот е послаб на ниво на генерација, но тоа е така по сите предмети, па со повеќе работа и ангажираност на наставниците со додатна и дополнителна настава, тоа ќе се надмине.<br>- По втората точка активот заклучи дека се покажа во добро светло на прославата на денот на училиштето.<br>- Наставниците по ликовно ги доделија пофалниците и наградите на учениците, како од одделенска, така и од предметна настава. Исто така го украсија холот со ученички цртежи кои што беа во голем број. Наставникот по музичко образование **Игор Огненовски** и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **Николче Зацески** се погрижи за хорот и оркестарот кој настапи на (07.12.2017) во Домот за култура-Битола<br>- Во тековни прашања  се разговараше за отворените часови во корелација со други предмети и се разменуваа искуства. |

Претседател:

## Стручен актив по техничко образование и информатика

| Цели од годишната програма | Реализирано | Време на реализација | Опис на активностите | Забелешка зошто не е реализирано |
|---|---|---|---|---|
| **1.Избор на претседател на стручен актив**<br><br>**2.Изработка на програма на стручен актив и програма за професионален развој на наставниците** | Реализирано | 08/2017 | Членовите на активот ја изработија Годишната програма за работа на активот со осмислување на повеќе активности, а исто така беа разгледани поединечните програми за професионален развој на наставниците и врз нивна основа беше изработена програмата за професионален развој на ниво на стручниот актив. | / |
| **3. Разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето**<br>**4. Избор на учебници** | Реализирано | 08/2017 | На одржаниот состанок беше разгледана предлог Годишната програма за работа на училиштето при што членовите на активот немаа забелешки за истата. Исто така, беа избрани соодветни учебници согласно наставните програми. | / |
| **5. Дискусија за оценувањето и инструментите за оценување** | Реализирано | 08/2017 | Со цел унапредување на оценувањето на знаењата на учениците членовите на активот ги разгледаа и дискутираа за претходно подготвените инструменти за оценување кои ги применуваат во наставата по информатика и техничко образование и притоа истите ги споделија со цел меѓусебна соработка и соодветно користење на истите. | / |
| **6.Одржување на отворени часови и превземање активности за претставување на** | Реализирано | 10/2017 | Наставната содржина Користење на природни извори на енергија-сонце, вода, ветер (Еко тема II Енергија) која беше дадена како предлог отворен час беше заменет со интегриран час по предметите техничко образование и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **активот** | | 05/2018 | англиски јазик од страна на наставникот Игор Стојанов и Љупка Петкова со учениците од V-5 одд. - наставна единица At the restaurant.<br><br>На 11.05.2018 год. дел од учениците заедно со своите ментори од стручниот актив имаа можност да им го претстават на своите сограѓани уредот МИКРО БИТ во рамките на настанот Bitola Mini Maker Faire. На нашиот штанд со уредот Микро бит се запознаа сите заинтересирани посетители од нашиот и соседните градови, меѓу кои и амбасадорот на САД Џ.Бејли и нашата градоначалничка Наташа Петровска. | / |
| **7. Соработка со родители** | Реализира но | Во текот на учебната година | Во текот на учебната година наставниците од активот имаа соработка и поддршка од родителите која се реализираше преку отворени индивидуални средби секој месец, како и заеднички активности при реализацијата на Новогодишниот базар. | / |
| **8. Разгледување на успехот и поведението на учениците на тримесечие/полугодие** | Реализира но | 11/2017<br>01/2018 | На одржаниот состанок беше направена анализа на успехот на учениците по предметите информатика и ТО за I тримесечие и полугодие и беше заклучено дека успехот не е на потребното ниво, учениците со послаб успех да посетуваат дополнителна настава и во иднина се со цел подобрување на истиот со нивна целосна ангажираност. | / |
| **9.Менторирање на студенти** | Реализира но | 12/2017 | Наставникот Атанас Пеев беше ментор на студенти од Педагошки факултет. Целта на оваа практична настава е следење на наставни часови, методска подготовка на часови и реализирање на часови од страна на студентите. Студентите со својата континуирана редовност и успешно реализирана наставна единица успешно ја реализираа практичната настава по предметот информатика. | / |
| **10. Работа со ученици со потешкотии во учењето и** | | Во текот | Наставниците од стручниот актив имаа подготвено програма за деца со потешкотии во учењето и активности | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **со ученици со посебни образовни потреби** | Реализира но | на учебната година | за истите со цел постигнување подобар успех во усвојување на наставните содржини по ТО и информатика. | |
| **11.Споделување на искуства на наставниците во текот на работата** | Реализира но | 02/2018 | Наставниците Атанас Пеев и Андријана Мигуловска споделија искуство од претходно одржана обука во Скопје за можноста од користење на микробитот во наставата по техничко образование и информатика како иновативна технологија. Целта е учениците да се запознаат со начинот на програмирање на микробитот и да ги покажат своите дизајнерски и иновативни способности при креирање на различни дијаграми, решенија од секојдневноста. | / |
| **12.Посета на семинари и обуки и размена на искуства од истите** | Реализира но | 02/2018 | На 08.02.2018 год. во нашето училиште се одржа обука на тема-Училиште на 21 век (работа со микробит) на која присуствуваа сите членови од стручниот актив при што Атанас Пеев и Андријана Мигуловска беа обучувачи. Оваа обука имаше за цел запознавање на наставниците со начинот на програмирање на микробитот и можноста за користење на командите за создавање на различни едноставни и комплексни програми со чија помош би се постигнале и цели од наставната програма. | / |
| **13.Натпревари по информатика и ТО** | Реализира но | 04/2018 | На одржаниот состанок наставниците од активот се изјаснаа дека активно се работеше на часовите за додатна настава со учениците кои беа вклучени во натпреварите организирани од Народна техника-Битола и Народна техника на Р.Македонија како и на Регионалниот и Државниот натпревар „Детски семафор 2018" што резултираше со солидни резултати. | / |
| **14.Дискусија за резултатите од натпреварите** | Реализира но | 04/2018 | На 55-от Регионален натпревар на млади техничари и природници организиран од страна на Народна Техника од Битола беа постигнати солидни резултати и тоа: 3 први места, 3 втори места како и 1 второ и 1 трето место на | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | државно ниво.<br><br>На Регионалниот натпревар „Детски семафор 2018" организиран од страна на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата беа постигнати следниве резултати: 1 прво, 2 трети места и големата група екипно трето место. На државниот натпревар екипата освои второ место. | |
| **15.Посета на СОУ "Ѓорѓи Наумов"- Битола** | Реализира но | 05/2018 | Учениците од IX одд. преку презентација на вработени од СОУ "Ѓорѓи Наумов" добија изворни информации за профилот на школување во него. | / |
| **16.Предлог распределба на часови** | Реализира но | 06/2018 | Редовни часови по информатика во 6 одд.<br>(5 x2=10) и 7 одд. (5x1=5)<br>Редовни часови по ТО во 5 одд. (5 x2=10) и 6 одд. (5x1=5) и иновации 9 одд. (5x1=5)<br>Останатите часови се изборни во зависност од потребите на наставниците и учениците. | / |
| **7.Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот на годината** | Реализира но | 06/2018 | Успехот и поведението на учениците на крајот од годината е на завидно ниво и задоволително. Одржувањето на дополнителната, додатната настава и секцијата придонесе успехот кај учениците континуирано да се подобрува во текот на учебната година, за на крајот да се добијат солидни резултати на натпреварите и добри оценки на учениците. | / |
| **18.Посети (саем на градежништво, саем Технома, посета на РЕК Битола....)** | Не е реализира но | 10/2018 | Целта на овие посети е учениците да ги прошират стекнатите знаења од наставниот предмет техничко образование | Саемите ќе се реализираат во октомври 2018 год. |

Претседател на стручниот актив

Наташа Лавчанска

## Извештај за работа на дефектологот

Андријана Шокларовска ( Стручен соработник ) Учебна 2017-2018 год.

**1. Работа со ученици**

